Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-447/3

______________ година

08-11-2023

Постапувајќи по претставката бр. 08-447/1 од 03.08.2023 година, поднесена од [redacted] Скопје против [redacted] ГОДИНА Скопје, односно лицето [redacted] од Скопје за сторена дискриминација во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), на ________.2023 година го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на припадност на маргинализирана група, родов идентитет и сексуална ориентација сторено од страна на [redacted] ГОДИНА Скопје, односно [redacted] од Скопје како организатор во здружението врз припадници на ЛГБТИ+ заедницата во областа на јавно информирање и медиуми.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 03.08.2023 година е доставена претставка бр. 08-447/1 од страна на [redacted] со седиште на [redacted] Скопје. Во претставката подносителот тврди дека е сторена дискриминација по основ на пол, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, личен или општествен статус, здравствена состојба и сексуална ориентација врз припадници на ЛГБТИ+ заедницата од страна на лицето [redacted] како организатор на коњички илинденски марш во [redacted] Скопје, со адреса на [redacted] – Аеродром.

Имено, подносителот наведува дека на 31.07.2023 година, во дел од „Дневник" на телевизија [redacted] новинар на медиумот му поставил на лицето [redacted] конкретно прашање: „Гледаме дека заинтересираноста е голема, како може еден човек кој сака да биде дел од маршот да биде дел од него, дали имаме некаква селекција, дали треба да исполни некакви критериуми?". По што, именуваниот дал одговор на истото, а како што е наведено во претставката, тој гласел: „Па вака, здружението [redacted] претходно ги објавува своите планови и програма за

работа за 2024 сега конкретно, или 2023 сега и почнуваат оние втора фаза подготовки од крајот на мај и почетокот на јуни кога се објавува оглас и конкурс на коњаници. Знаеме дека таму треба да учествуваат луѓе кои ја сакаат идеологијата, кои ја сакаат Македонија, кои имаат мерак и љубов да го одбележат Илинден, да бидам најискрен внимаваме да не пуштиме коњаници кои имаат пороци, зависности, нека простат и останатите ние не поддржуваме ЛГБТ заедница, се знае дека Илинденскиот марш е Илинденска коњаница која прилега на комитите, на Илинденците така да неколку скалила треба да се помине за да се дојде до онаа фаза да бидеш примен во Илинденскиот марш. Почетокот на јули месец почнува онаа завршна фаза со тренинзи на територија на општина Аеродром, на територија на општина Кисела Вода и град Скопје, за да се привикнат коњите со коњаниците, бидејќи знаеме дека денес помладите луѓе помалку имаат допирна точка со коњи, со опрема за коњи. Логистиката се припрема зе храната, за облеката, за седлата, за носијата и знаеме на 27 јули со дефиле од општина Аеродром, во дворот на црквата Св. Петар и Павле започнува манифестацијата Илинденски марш. Може да кажам една голема благодарност до сите оние општини и на градоначалници, пријатели, месни заедници и села кои што несебично не поддржаа како Општина Аеродром, Петровец, Велес, Тетово, Чашка, Ропотово, денеска Кривогаштани, Прилеп и еве сега се припремаме за свечено влегување во Крушево. И многу други компании и фирми, бидејќи сепак толку луѓе, коњаници да се нахранат, да се обезбедат средства за нив, коњи, облека, логистика, треба време, требаат средства, но ние како здружение досега успешно се бориме тоа да го завршиме. ".

Следствено, подносителот наведува дека спорна е изјавата „да бидам најискрен внимаваме да не пуштиме коњаници кои имаат пороци, зависности, нека простат и останатите ние не поддржуваме ЛГБТ заедница, се знае дека Илинденскиот марш е Илинденска коњаница која прилега на комитите, на Илинденците така да неколку скалила треба да се помине за да се дојде до онаа фаза да бидеш примен во Илинденскиот марш", од причини што именуваниот со тоа истакнува дека дискриминираат лица по перцепција, односно надворешен изглед. За подносителот не е јасно на кој начин тој како организатор на наведениот марш, утврдува дека едно лице е припадник на ЛГБТ+ заедницата. Како и дека, со таквото однесување се поставуваат бариери за одредена група на лица да бидат вклучени во разни општествени процеси на еднаква основа со другите, во конкретниот случај како дел од коњаницата на илинденскиот марш.

Во претставката како докази се наведени интернет врски од видео записот на интервјуто со лицето [redacted] (https://infokompas.com.mk/2023/07/31/%d0%b2%d0%b8%d0%b4%d0%b5%d0%be-%d1%82%d1%80%d0%bf%d0%ba%d0%be%d0%b2%d1%81%d0%ba%d0%b8-%d0%b4%d0%b0-%d1%81%d0%b5-%d0%be%d0%b1%d0%b5%d0%b4%d0%b8%d0%bd%d0%b8%d0%bc%d0%b5-%d0%b8-%d0%b4%d0%b0-%d1%81/ и https://www.youtube.com/watch?v=zK2wcyrAi_4&t=324s ) и компактен диск со таквиот видео запис.

По доставената копија од претставката со барање за изјаснување бр. 08-447/2 до потенцијалниот дискриминатор на 22.08.2023 година, истиот не се изјасни за наводите во претставката во предвидениот рок.

Комисијата ценејќи ги наводите во претставката утврди дека со дадената изјава лицето [redacted] е сторено вознемирување по основ на припадност на маргинализирана група, родов идентитет и сексуална ориентација врз припадници на ЛГБТИ+ заедницата.

Имено, Вознемирување согласно член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставува секое несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.

Комисијата анализирајќи ја дадената изјава, утврди дека искажаната содржина го повредува достоинството на припадниците на ЛГБТИ+ заедницата, на начин што изјавеното алудира на тоа дека овие лица не ја сакаат идеологијата на Илинденското востание и Македонија, односно дека востанувањето на националност или одбележувањето на вакви национални настани се однесуваат и се резервирани само за една група на лица, а не и за припадници на друга група на лица во конкретниот случај на ЛГБТИ+ лица. Изјавата „Знаеме дека таму треба да учествуваат луѓе кои ја сакаат идеологијата, кои ја сакаат Македонија, кои имаат мерак и љубов да го одбележат Илинден, да бидам најискрен внимаваме да не пуштиме коњаници кои имаат пороци, зависности, нека простат и останатите ние не поддржуваме ЛГБТ заедница, се знае дека Илинденскиот марш е Илинденска коњаница која прилега на комитите, на Илинденците така да неколку скалила треба да се помине за да се дојде до онаа фаза да бидеш примен во Илинденскиот марш.“, имплицира дека ЛГБТИ+ лицата не се достојни за чествување и одбележување на Илинден, претпоставува дека историскиот настан не се однесува на сите граѓани во државата, односно упатува на необјективни предуслови за постоење на национални чувства во однос на овој настан одбележуван како државен празник.

Во таа насока, Комисијата го цени правото на сопствен став, слободата на мисла, уверување и на изразување, но сепак смета дека вакви или слични изјави, кои изразуваат одредено мислење, треба да имаат неутрална содржина имајќи ги во предвид угледот, достоинството и правата на други лица или групи на лица.

Комисијата истакнува дека со човековите права и слободи, исто така, доаѓаат и одредени обврски, меѓу кои и таква која се состои во тоа колку е можно повеќе да се избегнуваат изјави и тврдења кои се неоправдано и неосновано навредувачки за другите, причинувајќи напад врз нивните права и слободи. Следствено на тоа, ограничувањето на слободата на говорот на одредени лица од страна на државата, може да се смета за разумно доколку тоа е неопходно во едно демократско општество заради заштита на угледот и правата на другите.

Комисијата го цени, со Уставот на РСМ и меѓународните акти, загарантираното право, односно слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, како и слободата на говор, но исто така во предвид ја има и меѓународната судска пракса, пред се праксата на Европскиот суд за човекови права која се однесува на практикувањето на овие слободи и нивното ограничување. При оправдувањето на мерките кои во одредена мера ги санкционираат, односно ограничуваат горенаведените слободи, во предвид се земаат следните елементи: можноста правото да биде условено или санкционирано да е јасно утврдена и предвидена во правен пропис, санкцијата да има легитимна цел и изречената мерка да ја оправдува целта, односно да го ограничи правото во онаа мера доволна за отстранување на повредата и предизвиканите штетни последици.

Следствено, токму во членот 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права, кој се однесува на слободата на изразување, во ставот 2 е утврдено дека остварувањето на таквата слобода вклучува обврски и одговорности и може да биде предмет на одредени услови, ограничувања и санкции кои во едно демократско општество претставуваат неопходни мерки, меѓу другото, за заштита на угледот или правата на другите.

Согласно горенаведеното, изјавеното несомнено претставува вознемирување во смисла на член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, при што се повредува достоинство на група на лица. Вознемирувањето е определено како противправно дејство – прекршок за што е предвидена и соодветна санкција, додека Комисијата согласно член 27 став 2 од Законот дава препорака како мерка за отстранување на истото.

Како легитимна цел за таквата препорака, односно мерка е отстранување на повредата на достоинството и спречување на истото за оваа група на лица, со што се исполнуваат елементите така дадената изјава да не е во линија со загарантираните горенаведени слободи, туку напротив истата да биде ограничена и санкционирана согласно праксата на Европскиот суд за човекови права и во смисла на член 10 став 2 од Европската конвенција за заштита на човековите права (Pavel Ivanov v. Russia 35222/04, Vejdeland and others v. Sweden 1813/07, Beizaras and Levickas v. Lithuania 41288/15 итн.). Дотолку што таквата изјава е во спротивност со основните вредности кои произлегуваат од човековите права и слободи, а тоа се недискриминацијата, толеранцијата и социјалниот мир.

Врз основа на наведеното, Комисијата во согласност со член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја дава следната

ПРЕПОРАКА

1. Се препорачува [redacted] ГОДИНА Скопје преку лицето [redacted], во рок од 30 дена од добивањето на ова мислење со препораките во него, јавно да се извини за дадената изјава на припадниците на ЛГБТИ+ заедницата и за тоа да ја извести Комисијата.

2. Се препорачува [redacted] ГОДИНА Скопје и лицето [redacted] во иднина да се воздржи од вакви изјави.

Претседател на Комисија за спречување и заштита од дискриминација,
Игор Јадровски

*Доставено до:*

[redacted]

*3. Архива на Комисијата*